УП1 бр. 08-513/22
30.12.2022
03 95/71

Врз основа на член 24, став (1) точка 1 алинеја 17 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22), член 23 став (1) и (2) од Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на Република Македонија" бр. 201/16, 87/17 и 142/18) и Тарифниот систем за дистрибуција на природен гас („Службен весник на Република Македонија" бр.245/18), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 декември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на тарифа за вршење на дејноста дистрибуција на природен гас за 2023 година од регулираниот период 2022-2026 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје**

1. На Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје, за 2023 година од регулираниот период 2022-2026 година, се одобрува регулираната тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас да изнесува 2,3690 ден/nm$^3$.

2. Релативните коефициенти со кои се пресметуваат тарифите на одделните категории на потрошувачи се утврдува да изнесуваат 1.

3. Оваа одлука е конечна во управна постапка.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје, (во понатамошниот текст: ДТИРЗ Скопје), согласно член 23 од Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на Република Македонија" бр.201/16, 87/17 и 142/18) (во понатамошниот текст: Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на регулиран приход и тарифи за 2023 година, бр.03-95/56 од 29 ноември 2022 година (во понатамошниот текст: Барање). Барањето е заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика со УП1 бр. 08-513/22 од 30 ноември 2022 година.
ДТИРЗ Скопје кон Барањето ја достави потребната документација согласно Правилникот.

Во Барањето ДТИРЗ Скопје предлага регулираната тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас за 2023 година да изнесува 2,3690 ден/nm$^3$.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 17 од Правилникот, на 3 декември 2022 година го објави известувањето во врска со Барањето на ДТИРЗ Скопје на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика и во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха".

По објавеното известување, во рокот утврден во известувањето, до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Регулаторната комисија за енергетика согласно Правилникот изготви предлог одлука со образложение, која беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 28 декември 2022 година. На подготвителната седница беа поканети членовите на Регулаторната комисија за енергетика и претставници од ДТИРЗ, Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол - Скопје, Јавно претпријатие за енергетски дејности Струмица Гас-Струмица, ЈП Куманово Гас-Куманово, Министерство за економија на Република Северна Македонија, Стопанска Комора на Република Северна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Совет за потрошувачите, ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ Енергетика Скопје, Либерти АД Скопје, Скопје Север АД Скопје, Макстил АД Скопје, АД Пивара Скопје, АД Алкалоид-Скопје, претставник од кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и Стопанска комора на Северозападна Македонија.

Имајќи ја во предвид Одлуката за одобрување на регулиран приход и тарифи за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за 2022 година и годишен приход по составни елементи за вршење на дејноста дистрибуција на природен гас за регулиран период 2022-2026 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје, УП1 бр. 08-233/21 од 30 декември 2021 година и документацијата и податоците од доставеното Барање за одобрување на регулиран приход и тарифи за 2023 година, Регулаторната комисија за енергетика направи анализа на податоците и утврди дека истите се во рамките на веќе одобрените со наведената одлука за регулираниот период 2022-2026 година.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика ја прифати предлог тарифата од барањето на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје, за дистрибуција на природен гас, за 2023 година од регулираниот период 2022-2026 година, во износ од 2,3690 ден/$nm^3$.

Согласно член 6 став (6) од Тарифниот систем за дистрибуција на природен гас Регулаторната комисија за енергетика утврди релативните коефициенти со кои се пресметуваат тарифите на одделните категории на потрошувачи да изнесуваат 1.

Имајќи го предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

**УП1 бр. 08-513/22**
**29 декември 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**